Согласно Член 22 став 1 точка 5 и Член 30 од Законот за локална самоуправа, имајќи ги предвид резултатите од спроведената анкета, а заради изготвување на годишна Програма за култура за 2023 година, Општина Битола, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доставување на предлог проекти за активности од областа на културата за 2023 година**

## I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Општина Битола ќе поддржи манифестации и проекти кои се во функција на развој, промоција и афирмација на културата во општината, поделени во 5 категории, чиј содржински концепт ќе биде во следниве дејности и области:

- музичка и музичко – сценска дејност
- манифестации и фестивали од областа на културата
- театар
- ликовна уметност
- визуелни уметности
- видео, фото, филмска уметност
- интердисциплинарни проекти
- литература
- фолклор
- нови уметности

## II ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Право на учество на јавниот повик** имаат сите заинтересирани субјекти, физички лица, правни лица, Здруженија на граѓани, владини организации и јавни установи од областа на културата (со седиште во Општина Битола). Ако апликантот е со седиште во друга општина, проектот/активноста треба да биде одржана на територија на општина Битола.
Поднесените пријави од правните и физичките лица што не ги исполниле сите обврски во согласност со склучените договори со Општина Битола, нема да бидат разгледувани.

## III КАТЕГОРИИ ВО КОИ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРААТ ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СУБЈЕКТИ

1. **Традиционални настани/манифестации/фестивали**

1.1 Фестивали кои имаат долгогодишна традиција и големо влијание врз културното живеење и промоција на Битола
1.2 Предлог настани за одбележување на Денот на ослободувањето на градот „4 Ноември“ во 2023 година

1.3 Предлог настани за одбележување на Денот на заштитникот на градот „Свети Нектариј Битолски“ во 2023 година

**2. Настани и манифестации за БИТ ФЕСТ 2023**

**3. Зимска приказна за Дочек на Новата 2024 година**

**4. Нови манифестации (манифестации и настани поврзани со одбележување на значајни датуми), поддршка на културното творештво и натпреварувачкиот дух кај младите и талентирани ученици, регионална соработка, соработка со уметници и организирање на работилници**

**5. Презентација на општина Битола на саеми во државата и странство/организирање на саеми од областа на културата во Битола**

## IV ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За правни лица:**
**-** Барање (Апликација за наведената категорија од 1 - 5)
- Копија од Решение за регистрација
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 месеци
- Изјава од овластено лице на апликантот, дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се достават наративен извештај со фотографии и финансиски извештај - докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал) – истата се доставува при потпишување на договорот

**За физички лица:**
**-** Барање (Апликација за наведената категорија од 1 - 5)
- Изјава дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се достават наративен извештај со фотографии и финансиски извештај - докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал) - истата се доставува при потпишување на договорот**.**

## V КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ

- Опис на Проект/Програмата/активноста (меѓународни учесници/домашни учесници, учество на светски афирмирани уметници и ансамбли, со можност за остварување соработка со релевантни образовни и културни институции преку организирање предавања, семинари и работилници, програмски континуитет, атрактивност, видливост, иновативност, стимулирање и промовирање на домашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработка, партнерски проекти, поттикнување учество на домашни автори и уметници) – максимум 30 бода

- Биографија или профил на апликантот (реализирани проекти и минато искуство - признанија, награди, позитивни критики и друго) – максимум 30 бода
- Релевантност на проектот и степенот на влијание врз квалитетот на културниот живот на општина Битола – максимум 20 бода
- Финансиски план (буџет) – активностите имаат реални проекции кои се соодветно изразени во буџетот – максимум 20 бода

Висината на износот со кој финансиски ќе бидат поддржани прифатените проекти, ќе биде одлука на комисијата, согласно извршеното бодување и комплексноста на предлог проектот (апликацијата). Одобрените финансиски средства на апликантот чиј проект ќе биде одобрен, ќе бидат исплатени по реализацијата на настанот/проектот и доставениот извештај.

## VI НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Апликацијата за учество во одредена категорија од Годишната програма за култура, мора да биде пополнета на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесена на македонски јазик. Апликацијата е достапна на веб страницата на Општина Битола **www.bitola.gov.mk**

Повикот трае од 25.10.2022 до 21.11.2022 до 15.30 часот.

Краен рок за поднесување на апликацијата со прилозите во 1 примерок е понеделник 21 ноември 2022 год. до 15.30 часот. Овој краен рок е валиден и за апликациите со прилозите доставени лично (на рака), пратени преку пошта или курирска служба. Сите апликации со прилозите мора да бидат примени од страна на општина Битола пред крајниот рок (а не само пратени). Датумот на испраќање нема да биде земен предвид.
Апликацијата со прилозите која е поднесена лично, преку пошта или курирска служба мора да биде доставена пред истекот на крајниот рок на следнава адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61, Битола, со назнака за „Годишна програма за култура – категорија (се избира описот на една од наведените 5 категории“ или по електронски пат на e-mail: culture@bitola.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Одлуката на Комисијата за оценување и избор е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Општина Битола, кое мора да биде во пишана форма, во рок од 10 дена по известувањата за доделени средства, а треба да се поднесе во Архивата на Општина Битола или на електронската адреса culture@bitola.gov.mk

Телефон за контакт 047 208 339 или 047 208 347

**VII ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Општина Битола, го задржува правото, за дополнителна покана и внесување на нови содржини во одредена категорија, зависно од потребите и интересот на граѓаните, а согласно изготвен извештај од страна на Комисија за евалуација, формирана од градоначалникот.

**Напомена:** Доставените апликации, претставуваат основа за креирање на Програмата за култура и планирање на Буџетот за оваа намена, додека официјалните програми за точките: 1.2, 1.3, 2 и 3 од овој повик, ќе бидат објавени најдоцна до април 2023 година.

Бр. 41-358/1

25.10.2022